Весна В. Тодоровска

14.02.2008

**СТОИЉКОВИЌ ДОСТАВИ ДЕКЛАРАЦИЈА ПРОТИВ НЕЗАВИСНО КОСОВО**

Додека партиите на Албанците во Македонија со коктел се подготвуваат да го дочекаат денот на независноста на Косово, пратеникот на партијата на Србите Иван Стоиљковиќ до собранието поднесе декларација за почитување на повелбата на ОН.

Во декларацијата стои македонското Собрание да осуди секаква употреба на сила и други форми на дејствување, чија примена би значела нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет на државите членки на ОН. Подносителот на декларацијата денеска не сакаше да ја коментира. Меѓу шестмината потписници и независниот пратеник Есад Рахиќ. „Сум го потпишал затоа што сметам дека, без оглед на тоа што ќе се случува на 17 февруари и понатаму, а Македонија треба да остане целовита“, вели Есад Рахиќ, независен пратеник.

Партиите на Албанците ДУИ и ДПА декларацијата ја осудија:„Не е време да дискутирам за темите што не враќаат назад, независноста на Косово е реалност, таа независност ќе дејствува позитивно за западниот Балкан“, вели Рафиз Алити, ДУИ. „Во интерес на ова Собрание, да почне да се меша во соседството. Секако дека ДУИ се подготвува, се подготвуваат и сите Албанци, најверојатно прославата ќе биде еден коктел“, вели Дружди Матоши, ДПА.

Владата останува на поддршката на планот на Ахтисари и не сака да предвидува евентуални ембарга или инциденти.
„Во моментов нема да навлегуваме во хипотетички прашања и во хипотетички ситуации, овој комитет кој што Владата одамна го има формирано, редовно си работи, редовно ги следи нештата и ситуациите ги предвидува можните сценарија, можните ризици. Хипотетички ситуации се уште нема да коментирам“, изјави Ивица Боцевски, портпарол на Влада.
Освен Рахиќ декларацијата на Стоиљковиќ ја потпишаа уште четворица други пратеници, Зоран Витанов и Владанка Авировиќ од социјалистичката партија, Јагнула Куновска од ВМРО-ДПМНЕ и Веле Митановски од НСДП, кој неофицијално откако го видел текстот, се пишманил.